**ЗАЕДНИЦЕ НА ЕДИНИЦИТЕ**
**НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПОСТОЈАНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**НА ГРАДОВИ И ОПШТИНИ**

# СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**С К О П Ј Е, јул 2007. године**

СТАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ГРАДОВА И ОПШТИНА
STALNA KONFERENCIJA GRADOVA I OPŠTINA
Бр.
Br. ______
______ 20__ год./god.
БЕОГРАД-BEOGRAD

20.06. 03-695/3
7

Поаѓајќи од содржината и значењето на дејностите кои се остваруваат, а со цел во рамките на својата мисија и улога како национална асоцијација на локалните власти во јакнење на соработката помеѓу Република Србија и Република Македонија, Постојаната конференција на градовите и општините - ПКГО и Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија – ЗЕЛС во рамките на своите Статути и почитувајќи ги интересите на своите членови, ја склучуваат оваа:

**СПОГОДБА ЗА СОРАБОТКА**
**ПОМЕЃУ**

ПОСТОЈАНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ГРАДОВИТЕ И ОПШТИНИТЕ

И

ЗАЕДНИЦАТА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА – ЗЕЛС

*ПКГО и ЗЕЛС, во име на своите членови,*

- *Со желба да ги развијат и зајакнат своите меѓусебни односи, со цел остварување на двострано корисна соработка*
- *Имајќи ја во предвид потребата за јакнење и развој на демократските структури и механизми во организирање и функционирање на локалната самоуправа во Македонија и Србија*
- *Со цел воспоставување на блиски односи на соработка на локалните власти на Србија и Македонија, поради размена, зачувување и збогатување на позитивните искуства и резултати од активностите на двете организации*
- *Со пружање подршка за спроведување на консеквентна политика на вистинска децентрализација на власта и демократизација на системот, во духот на Европската повелба за локалната самоуправа*
- *Со убедување дека соработката помеѓу градовите и општините претставува значаен придонес на целокупната соработка и понатамошна изградба на пријателските односи на Македонија и Србија и нивните граѓани како и соработката во Регионот*

*Се согласија на следоното:*

**I** Двете страни да даваат подршка во институционалното јакнење и развојот на двете организации и во таа насока да:

1. Разменуваат информации и мислења за темите поврзани со локалната самоуправа, вклучувајќи законски прописи и предлози во овој домен, како и за останатите теми од заеднички интерес;
2. Организираат размени и работни посети на претставници на тела и органи и вработени во двете организации;
3. Организираат заеднички курсеви и семинари за обука на општински претставници и стручни лица во областа на локалната самоуправа;
4. Разменуваат информации за организирање и учество во меѓународни настани;
5. Меѓусебно да се информираат за конкурирање за учество во меѓународни програми и во реализација на истите, како и за презентација на заедничките програми поврзани со локалата самоуправа;
6. Меѓусебно разменуваат публикации, стручни трудови, анализи и други материјали за теми од областа со која се занимаваат

**II** Да потикнат непосредна соработка помеѓу локалните власти на Србија и Македонија преку воспоставување ефикасни меѓусебни контакати, а за таа цел да:

1. Прибираат и разменуваат информации на заинтересирани општини од двете земји за започнување и одржување меѓусебно партнерство и односи на збратимување;
2. Учествуват во организирање на меѓусебни посети на делегации на општински претставници;
3. Даваат подршка во изработка на заеднички проекти наменети за зајакнување и развој на локалната самоуправа, особено во пограничните подрачја;

**III** Да подготват и заеднички да конкурираат (вклучувајќи и конкурси пред меѓународните донатори) како и да соработуваат во имплементирање на разновидни поединечни програми од значење за општините и за таа цел:

1. Заеднички да организираат стручни посети, конференции, работилници и други облици на размена на искуства и знаења за поединечни теми од специфично значење за општините;
2. Подржуваат и организираат средби и дружења на функционери и вработени во единиците на локалната самоуправа;
3. Организираат и учествуват во меѓународни изложби на комунална опрема и услуги;
4. Организираат и одржуваат заеднички средби, со учество и на трети страни и меѓународни организации;
5. Учествуваат во заједнички проекти со странски финансиери, особено во областа на прекуграничната саработка;

Во реализација на горенаведеното, двете организации секоја година ќе усвојуваат планови за заеднички активности во таа година, во кои ќе битат наведени конкретните облици на заедничка работа, начинот на нивната реализација и лицата задолжени при секоја од асоцијациите за реализација на предложените активности.

Оваа спогодба е склучена во два идентични примероци и стапува во сила на денот на потпишувањето.

Оваа спогодба може да се менува врз основа на взаемна согласност на двете страни.

**Потпишана во Скопје, на 20 јули, 2007 г.**

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Андреј Петров**

**ПОСТОЈАНА КОНФЕРЕНЦИЈА НА ГРАДОВИ И ОПШТИНИ**

**Жељко Ожеговић**